РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44 – 1384/1
30 01 2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар, Скопје
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit, Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: E pranuar: | 31.01.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 04 | 66/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19), а во врска со член 34 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 15/08, 116/10, 49/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

# РЕШЕНИЕ
## за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор

1. Согласно Законот за културата, **Бушра Кадриу,** именувана за вршител на должноста директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје со Решение на министерот за култура бр.44-12342/2 од 07.11.2019 година, се разрешува од функцијата вршител на должноста директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје, со денот на избор на директор на националната установа.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерот за култура, за вршител на должноста директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје со Решение бр. 44-12342/2 од 07.11.2019 година ја именуваше Бушра Кадриу.

Согласно член 34 став 3 и 4 од Законот за култура, вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на националната установа, а најдолго за шест месеци. Министерството за култура веднаш по именувањето вршител на должноста директор распишува јавен оглас за директор.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба до надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**

**Dr. Hysni Ismaili**

Изработил: м-р Кристијан Јорданов, Помлад соработник
Контролирал: Afan Elezi, Посебен советник за правни работи
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор

Република Северна Македонија, 1000 Скопје, Ѓуро Ѓаковиќ 61,
Тел: 3240-500, 3240-523; Факс: +389(02)3226-920
**e-mail: info@kultura.gov.mk ; www.kultura.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44-12342/1
07-11-2019 год.
Скопје

Instrucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit, Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Numer | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 04 | 4054 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 30 став 2 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 15/08, 116/10, 49/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ
## за престанок на мандат на директор на Национална установа

1. **Мемет Селмани**, избран за директор на Националната установа Национален Конзерваторски Центар - Скопје со Решение на министерот за култура бр.45-11437/2 од 16.11.2015 година **престанува да ја врши должноста директор на Националната установа Национален Конзерваторски Центар - Скопје, поради истек на мандатот за периодот за кој што бил избран за директор.**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерството за култура, согласно Законот за културата, на ден 24.09.2015 година во дневните весници „Вечер", „Утрински весник" и „Коха" распиша јавен оглас за избор на директор на Националната установа Национален Конзерваторски Центар - Скопје.

Министерот за култура, одлучувајќи по пристигнатите пријави за директор на НУ Национален Конзерваторски Центар - Скопје, во тој период утврдил дека лицето Мемет Селмани ги исполнувал општите и посебните услови утврдени со Јавниот оглас, а согласно доставената Програма за работа и развој на установата поседувал стручни и други квалитети за директор, заради што со Решение бр.45-11437/2 од 16.11.2015 година е избран за директор на НУ Национален Конзерваторски Центар - Скопје.

Министерот за култура, имајќи го предвид фактот што мандатот на Мемет Селмани за директор на Националната установа Национален Конзерваторски Центар - Скопје е истечен, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба до надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr.Hysni Ismaili**

Изработил: Ивана Ристиќ, Виш соработник
Контролирал: Afan Elezi, Посебен советник
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор

1000 Скопје, Ѓуро Ѓаковиќ 61,
Тел: 3240-500, 3240-523; Факс: +389(02)3226-920
e-mail: info@kultura.gov.mk ; www.kultura.gov.mk